TIKVEŠ

SINCE 1885

Веруваме дека луѓето се клучен фактор за врвни достигнувања и за успехот на една компанија. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, производство, развој и унапредување на човечките ресурси.

Денес винарската визба „Тиквеш“ ја создава приказната за македонското вино во светот, прераснувајќи во клучен двигател на македонската индустрија за вино. Со цел да ја продолжиме оваа мисија, потребни ни се луѓе кои ја делат нашата посветеност и страст.

- Доколку сакате да придонесете за понатамошниот развој на еден од најиновативните и најперспективните вински брендови
- Доколку не можете да одолеете на приказната за виното и подготвени сте да бидете дел од една од највозбудливите индустрии за пијалаци
- Доколку сакате својот понатамошен професионален развој да го градите во динамична средина, исполнета со интересни предизвици

... придружете се на нашиот тим и аплицирајте за отворената работна позиција:

УНАПРЕДУВАЧ НА ПАЗАР
Реон Скопје

**Потребни квалификации:**

- Образование – најмалку ССС (ВСС ќе се смета за предност)
- Одлично познавање на англиски јазик
- Одлично познавање на Microsoft Office
- Возачка дозвола Б категорија

**Профил на кандидатот:**

- Фокусираност кон резултати
- Професионалност и деловна култура
- Самоиницијативност и флексибилност, способност за тимско и индивидуално работење
- Поседување на амбиција и желба за усовршување на личните знаења и вештини
- Организираност и посветеност на детали
- Комуникативност

**Клучни одговорности:**

- Унапредување на продажбата и пазарот на вино
- Дневна посета на купувачи и правење нарачки
- Поставување и изложување на производите на компанијата согласно утврдените стандарди
- Градење, одржување и унапредување на односите со купувачите
- Промовирање на производите на компанијата
- Подигнување на винската култура преку едукација на купувачите и крајните потрошувачи
- Изготвување на извештаи за продажбата и состојбата на пазарот.

Изборот на кандидатите ќе се направи по јасно утврдени критериуми, по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.

Ако сте заинтересирани и верувате дека ги исполнувате потребните услови, може да аплицирате на следниот ЛИНК најдоцна до 10.05.202**3** година.